Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 40//0306
10.03 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 27.02.2025 година, врз основа на примена жалба од **Ружица Слезенковска**, го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Емитуваната содржина на **Радио Лидер**, емитувана и на поткастот на радиото на 13.02.2025 годна, а насловена како **„БОМБА НА ОБВИНИТЕЛОТ ХАЈРУЛАХИ: Ова се криминалите на обвинителската мафија!“**, отстапува од етичките и професионалните стандарди во известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката Ружица Слезенковска до Извршната канцеларија на СЕММ, на 18.02.2025 г. упати жалба за медиумот „Радио Лидер“ (lider.mk), за емисија на медиумот емитувана на радиото и на поткастот на радиото на 13.02.2025 г., а насловена како **„БОМБА НА ОБВИНИТЕЛОТ ХАЈРУЛАХИ: Ова се криминалите на обвинителската мафија!“.**

Притоа како основи за жалбата, Слезенковска ги навела неточно и нефер известување, незастапена втора страна, говор на омраза и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во описниот дел на основата за жалбата Слезенковска навела: „Во емисијата се споменува моето име и презиме и од страна на водителот-новинар се покажуваат мои слики со навредлива и неточна содржина“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не/беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби изрази мислење дека жалбата за емитуваната содржина на Радио Лидер, емитувана и на поткастот на радиото на 13.02.2025 година, а насловена како **„БОМБА НА ОБВИНИТЕЛОТ ХАЈРУЛАХИ: Ова се криминалите на обвинителската мафија!“,** отстапува од етичките и професионалните стандарди во известувањето, при што се нарушени членовите 1, 7, 10 и 14 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа аргументите наведени од страна на подносителот на жалбата и најпрво утврди дека има јавен интерес во оспорената содржина, односно состојбите во Вишото јавно обвинителство Скопје, како и во севкупните состојби во обвинителскиот и, генерално, во правосудниот систем во земјата.

Комисијата, при детално прегледување на содржината, едногласно заклучи дека целиот разговор има многу елементи на пристрасност, односно новинарот водител воопшто не се погрижил да остане неутрален и да не заземе страна во случајот што е предмет на разговорот. Станува збор најмногу за тоа дека ставовите на личностите кои се предмет на обвинувања и напади од страна на гостинот во емисијата, вклучително и на подносителката на жалбата, воопшто не се застапени. Комисијата потенцира дека во случај на разговори во студио, интервјуа, дебати, и слично, доколку не е присутна втората страна, во нејзино име тоа треба да го направи новинарот што го води разговорот.

Меѓутоа, голем етички проблем е кога во интервјуто новинарот се приклучува на гледиштето на интервјуираниот, се обидува да ги зајакне неговите аргументи и манипулира со разговорот со своите прашања и коментари. Во дадениот случај двајцата новинари, едниот домаќин, другиот новинар гостин, речиси воопшто не покажаа интенција да бидат неутрални и да се воздржат од одобрување или неодобрување на изнесените ставови на гостинот. Напротив, се согласуваат со сé што е искажано од поканетиот гостин, шеф на Вишото јавно обвинителство – Скопје, кој во моментот на разговорот е суспендиран од својата функција, а против него се води дисциплинска, но и предистражна постапка за кривично дело. Токму од тие причини Комисијата оцени дека има прекршување на членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија во кој се нагласува дека новинарот треба да објавува точни и проверени информации, а точноста треба да се провери колку што е тоа можно, односно од што е можно повеќе извори, што во дадениот случај не беше сторено.

Комисијата, исто така, смета дека има основа за нарушување на одредбите од членот 10 кој ја регулира заштита на човековите права и слободи. Во повеќе од десетина минути во разговорот гостинот искажува тврдења за „приватната блискост“ на жалителката и на друга нејзина колешка со трета личност, исто така од системот на Јавното обвинителство. Притоа, искажани се и тврдења за завера против гостинот кои споменатите јавни обвинителки ја договориле против него. Во тие моменти, новинарот кој го води разговорот прикажува однапред подготвени фотографии од социјални мрежи од споменатите, проследено со неумесни коментари, прво, од другиот новинар – кој вели: „*блиски се очигледно*“, потоа од гостинот кој вели: „*па малце повеќе од блиски*“, а потоа и од новинарот кој го води разговорот кој додава: „*јас немам ништо против истополовите конекции, но (ова) дури може да се стави во таа група за лична блискост од таа категорија*“. Ваквата референца за сексуалната ориентација на личностите чии фотографии се објавуваат, употребена во контекст на злоупотребите кои тие наводно ги направиле на своите професионални позиции, е стигматизирачка за цела една заедница без оглед што новинарот божемно се оградува од таквата намера.

Натаму, Комисијата оцени дека со неумесните коментари поврзани со објавените фотографии на јавните обвинителки се повредува и нивното право на приватност, уредено со членот 7 од Кодексот на новинарите, според кој новинарите треба да ја почитуваат приватноста на личноста, доколку тоа не е во спротивност на јавниот интерес. Комисијата, сепак, не може да го препознае јавниот интерес со покажување на однапред подготвени фотографии од страна на новинарот извадени од социјалните мрежи, само во насока да се поткрепи тврдењето на гостинот за заверата против него. Иако новинарите може да се

користат со фотографии од социјалните мрежи на поединци, тоа треба да го прават само во случаи кога е тоа јасно поврзано со јавниот интерес. Објавувањето приватни фотографии на јавните обвинителки во контекст на нивната „наводна блискост“, како што беше нагласено и погоре, има за цел да ги дискредитира нив како личности и нивното професионално работење и не може да се смета релеватно за случајот за кој се води разговорот во целата емисија. Исто како што е нерелевантно јавното прикажување на фотографиите само да се утврди дали биле другарки или не.

Комисијата, исто така, смета дека во оспорената содржина е нарушена дистанцата и внимателноста на која упатуваат етичките одредби кога станува збор за политички процеси. Во моментот на емитување на разговорот состојбата во Јавното обвинителство е веќе видлив дел од политички процес, со самото тоа што Владата на РСМ води постапка за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ, една од страните со кои гостинот во емисијата е во спор, односно се на различни страни. Затоа, новинарот/новинарите биле должни да бидат посебно внимателни и при самиот разговор и при користењето на изворите, наместо да ја искажуваат очигледната пристрасност кон ставовите на гостинот, но во еден момент и пристрасноста кон обвинувањата дека за сите состојби е виновна една политичка партија. Со тоа, се Комисијата утврди и елементи за нарушување на членот 14 од Кодексот кој го регулира тоа прашање.

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 7**

Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.

**Член 10**

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка припадност…).

**Член 14**

Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595